**ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "ОЛГА МИЦЕСКА" КИЧЕВО**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

**Кичево, Септември 2022 година**

Врз основа на член 121 став 2 точка 1 и член 168 став 1 од Законот за заштита на децата - пречистен текст 2017 год.те, директорот на ЈОУД-Детска градинка "Олга Мицеска" Кичево на ден 09.08.2022 година донесе:

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А
## за работа на **ЈОУД-Детска градинка "Олга Мицеска"**
## за учебната 2022/2023 година

## Вовед

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на детската градинка. Во овој документ се наведени главните правци по кои треба да се движи градинката во текот на учебната година. Тука се конкретизирани активностите на ниво на градинка, планираните активности за пружење поддршка и едукација на децата и семејствата, планираната бројна состојба за годината, плановите во насока на промена и подобрување на условите за престој, како и одговорностите на градинските субјекти.

Поаѓајќи од претходното, како и законските обврски за донесување на овој документ, изготвувањето на Годишна оваа програма се базира врз Програмата за рано учење (донесена од МТСП од 01.09.2014 год.), која пак поаѓа од Стандардите за рано учење и развој на деца од 0-6 години кои го промовираат холистичкиот пристап во потикнување на раното учење и развој кај малите деца како и условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини.

Програмата, исто така во себе ги вградува позитивните ефекти и содржини кои се реализираат во градинката по:

-Програмите за едукација на деца од предучилишна возраст кои се донесени од МТСП: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“; „Програма за едукација на децата од предучилишна возраст со процесот на одгледување и конзумирање на здрава храна“ и „Воведување на почит кон различност и мултикултурализам“;

-Упатствата за планирање на активности од програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој: „Традиционални игри во установите“; „Спорт и спортски активности“ и „Стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување“ и

-Содржини по проекти: „Градот на детските очи“, „Бонтон за деца“, „Од дете до дете“, „Рециклирање со имагинација“, „Семејство и семејни вредности“ и „Моја хигиена - моја навика“.

Воспитувачите,негователите и децата имаат подеднакво активна улога во процесот на раното учење и развој на децата.

Истражувањата поврзани со детскиот развој потврдуваат дека искуството со кое децата се соочуваат во текот на раното детство претставува критичен момент за долготрајниот успех во животот воопшто. Одговорноста за обезбедување на севкупен амбиент кој поддржува позитивни искуства во текот на раното детство ја споделуваат повеќе чинители: почнувајќи од родителите/старателите, воспитувачите и наставниците и пошироката заедница. Сите тие имаат подеднаква улога во поттикнување на растот и развојот кај малите деца како и креирање на можности за градење на вештини кои ги подготвуваат децата полесно да се адаптираат на предизвиците во светото кој ги опкружува.

Потребите од креирање на амбиент за рано учење од стана на сите оние кои се грижат за малите деца се неопходни,и истите се со цел за надоградување на тоа што децата веќе го знаат.

Децата треба да се стимулираат за рано учење и поттикнување вештини за креативно мислење и однесување. Во раното учење децата стануваат свесни за постоење на различности и го зајакнува севкупниот процес на нивното рано учење. Раниот детски развој во секој развиен домен ( физички, социо-емоционален, когнитивен или јазичен) е поддржан, поттикнат и зајакнат, примарно преку активности кои промовираат насочени игри во рамките на околината во која престојува детето. Но околината во која престојува детето мора да изобилува како со структурирани така и со неструктурирани игри (активности) за учење. Неструктурираните игри завземаат значаен дел од денот додека структурираните активности се вклучуваат во рутинскит едневни активности (при прием во градинката, за време на оброците, за време на подготовка за одмор, спиење) како и активностите за учење кои се спроведуваат во рамките на планираните програмски содржини. И за структурирани и за неструктурирани активности амбиентот за учење треба да биде пријатен, безбеден, чист, топол и стимулативен. При креирање на амбиентот кој го поттикнува развојот и раното учење кај малите деца треба да се имаат во предвид три основни принципи:

- Развојот кај децата се одвива според однапред предпоставени развојни достигнувања кои постепено стануваат се покомплексни, поорганизирани и се одраз на индивидуалниот развој кај секое дете.
- Играта е движечка сила за поттикнување на развојот кај секое дете , вклучувајќи ги и децата со потешкотии во развојот.
- Големи резултати за учење се постигнуваат кога се комбинираат активности за учење иницирани од децата и водени од возрасните или обратно. Во тој процес не останува пасивни,ниту возрасните ниту децата.

Ефективните програми за поттикнување на раното учење кај малите децата најчесто се комбинирани и содржат активности кои се во исто време насочувани и од возрасните (воспитувачите,родителите) и од самите деца.

## Појдовни основи за организирање на дејноста

Современите научни сознанија и достигнувања на психологијата и педагогијата, како и другите сродни научни дисциплини, укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој и со тоа и на важноста на организирано создавање на услови на тој развој.

Годишната програма е концептирана според Законот за заштита на децата, како и уставното право и обврска на установата да ја програмира својата работа, а тоа се чини дека е основа на програмирањето на работата, за постигнување на поквалитетни резултати во остварувањето на дејноста, како и наметнатата потреба од постојана преобразба на предучилишната установа, внесување и промени во планирањето и програмирањето на работата и остварување на програмата за воспитно-образовната работа со децата.

Годишната програма на установата се темели врз појдовните основи регулирани со Законот за заштита на децата член 59, како и со програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст во Јавните детски градинки, во која е содржана програмската структура за згрижувачко-воспитно-образовната работа.

Овој програмски документ се заснова на согледувањата добиени од анализите на претходните програмски документи, а во неа се вградени, покрај стручно-научните

сознанија за интелектуално сознајните и менталните потенцијали на детето од 9-месечна до 5-годишна возраст, позитивните ефекти од проектите "Граѓанско образование", "Приоди кон визуелно размислување" и "Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта".

-Програмата за вонинституционалното воспитание и образование како форма за изнаоѓање на нови содржини за опфат на децата со покус престој заради правилен психофизички развој од непосредната околина, што не се опфатени со постојаните форми за згрижување, воспитание и образование на истите;

-Постојано е присутна потребата од мултиплицирање на формите и содржините кои значат опфатеност на младите поколенија во повеќе секвенци (целодневен престој во градинка, полудневен и слично според потребите и барањата на родителите);

-Педагошка литература која се однесува на воспитанието и предучилишното дете (предучилишна педагогија и психологија);

-Во процесот на организирање на воспитно-образовната и згрижувачката работа, поаѓаме од детето како личност која има свои способности, свое умеење, навики и ставови. Поаѓајќи од педагошко-психолошките сознанија за развојот на детето, ќе се влијае на физичкиот, социјално емоционалниот и социјално интелектуалниот развој на детето.

Приоритетни основи за организирање на дејноста произлегуваат и од целите и задачите на предучилишното воспитание и образование, кои цели и задачи ќе бидат предмет на реализација на програмата 2022/2023 година а тоа се: да го одгледува, потикнува, насочува и облагородува сестраниот развој на детската личност во сообразност со психофизичките карактеристики и индивидуални можности на детето.

Практични цели и задачи опфатени со програмата ќе бидат предмет на реализација на наредната учебна година и ќе се настојува кај малите деца да се обезбеди правилен:

**а) физички и сензомоторен развој на децата;**

**б) социјално-емоционален развој на децата, и**

**в) сознајно-интелектуален развој на децата.**

**а) Физички и сензомоторен развој** кај децата да се развие и тоа:

-да се овозможи нормално растење и развивање на органите и нивната фунција,

-да го зајакне телесното здравје на детето и да го заштитува од заболувања и повреди,

-да го потикнува развојот на движечки способности и совладување на моториката.

-да го насочува целокупниот сензомоторен развој,

-да ги развива основните навики во одржување на телесната хигиена, земање на храната како и вршење на физиолошките потреби.

**б) Социјално-емоционален развој**:

-да се влијае кај детето постепено да се развива чувство за индивидуално однесување и потребата за контакти со други лица,

-да го подржуваат непосредното и искреното кај детето во контакт со светот,

-да се обезбедат услови за формирање на задоволно и среќно дете,

-да се придонесува за осамостојување на детето и неговата самодоверба,

-да го потикуваат детето кон индивидуални и заеднички доживувања и активности,

-да му помогнат на детето во усвојувањето на основни правила на однесување со врсниците и возрасните.

**в) Сознајно-интелектуален развој**:

-да ја потикнуваат и подржуваат природната љубопитност на детето кон светот што го опкружува,

-да ја негува осетливоста на детето за примање на впечатоци,

-да ја подржува говорната комуникација на детето и постепено да го потикнува и богати неговиот развој,

-да го насочуваат развојот на сензомоторните и перцептивните способности на детето,

-да го потикнуваат кон решавање на мали проблеми на сензомоторната интелегенција,

-да создаваат поволни услови за формирање поволни сознајни поими низ практичните активности на децата.

## УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

### 1.Опис и локација на објектот и дворот

Основната дејност и оваа година ќе се остварува во матичната установа со два клона (единици) во нивен состав. И трите објекти претставуаат засебни единици, наменски градени од тврда градба. Матичната установа се наоѓа на Ул.11-ти Септември бр.89 во централното градско подрачје во непосредна близина на ОУ "К. Ј. Питу", клонот "Цветови" на ул. "Трпе Блажески Трифко" бб, во непосредна близина на ОУ "В. Полежиноски", кон периферијата на градот на оддалеченост од околу 1 км. од матичната установа,додекта клон „Даландушет„ се наоѓа во улица „Загорје„ бб,населба Бала Маало воблизина на ОУ „Санде Штерјоски„ на оддалеченост од околу 1,5 км од матичната установа.

Објектот на матичната установа ЈОУД-Детска градинка "Олга Мицеска" Кичево, располага со вкупна површина од 6.391 м$^2$ од кои 4.786 м$^2$ е дворно место, а останатиот дел, односно 1.605 м$^2$ е корисна внатрешна површина. Внатрешната површина се состои од 6 занимални, 3 холови, 6 канцаларии, магацин, кујна, перална и котлара. Вкупниот капацитет е 120 деца.

### 2. И. Просторни услови во ЈОУД-Детска градинка "Олга Мицеска" Кичево

**а)Простории за згрижување и воспитно-образовна дејност**

| Ред. бр. | Вид на просторија | број | м$^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Занимална - детски јасли | 1 | 35 | - |
| 2. | Спална - детски јасли | 1 | 35 | - |
| 3. | Занимални - детска градинка | 5 | 175 | - |
| 4. | Спални - детска градинка | 5 | 175 | - |
| 5. | Фискултурни сали | - | - | - |
| 6. | Библиотека | - | - | - |
| 7. | Простор за чување на аудиовизуелни средства | 1 | 35 | кабинет |
| Вкупно: | | 13 | 455 | |

**б)Простории за општествена и педагошка дејност**

| Ред. бр. | Вид на просторија | број | м$^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за директорот | 1 | 25 | - |
| 2. | Просторија за педагогот | 1 | 25 | - |
| 3. | Просторија за администрација | 1 | 25 | - |
| 4. | Просторија за пед. мед. сестра | 1 | 25 | - |
| 5. | Просторија за благајна | 1 | 12 | - |
| 6. | Просторија на воспитувачи | 1 | 25 | - |
| 7. | Просторија за културно уметнички програми | - | - | се користи трпезаријата |
| 8. | Др.простории (магацини) | 4 | 85 | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно: | | 10 | 222 |

**в)Простории за здравствени и санитарни потреби и други помошни простории**

| Ред. бр. | Вид на просторија | број | м$^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Простор за прием и испраќање | - | - | - |
| 2. | Простор за лекарски преглед | - | - | од мед. сестра |
| 3. | Кујна | 1 | 70 | - |
| 4. | Трпезарија | 1 | 120 | - |
| 5. | Ходници | 3 | 330 | - |
| 6. | Др. ходници | 2 | 100 | |
| 7. | Скали | - | - | - |
| 8. | Скривници | - | - | - |
| 9. | Санитарни јазли | 6 | 120 | - |
| 10 | Др. санитарни јазли | 2 | 18 | |
| 11. | Др.(перална,пеглара,котлара) | 3 | 170 | - |
| Вкупно: | | 18 | 928 | |

До 2002 година клонот "Цветови" располагаше со внатрешна корисна површина од 1.800 м$^2$ од кои 600 м$^2$ се пренамениja за деца со посебни потреби, кои ги користи Центарот за социјални работи Кичево.
Клонот "Цветови" сега располага со 4.275 м$^2$ дворно место и 1.200 м$^2$ внатрешна површина. Располага со 6 училници или престои, трпезарија, опремена кујна, канцаларии, котлара, перална и магацин.Капацитетот е 120 деца.

**ИИ. Просторни услови во клон "Цветови"**

**а)Простории за згрижување и воспитно-образовна дејност**

| Ред. бр. | Вид на просторија | број | м$^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Занимални - детска градинка | 6 | 240 | - |
| 2. | Спални - детска градинка | 6 | 240 | - |
| 3. | Фискултурни сали | - | - | - |
| 4. | Библиотека | - | - | - |
| 5. | Простор за чување на аудиовизуелни средства | 1 | 20 | канцеларија |
| Вкупно: | | 13 | 500 | |

**б)Простории за општествена и педагошка дејност**

| Ред. бр. | Вид на просторија | број | м$^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за директорот | - | - | - |
| 2. | Просторија за педагогот | 1 | 20 | - |
| 3. | Просторија за културно уметнички програми | 1 | 100 | - |
| 4. | Др.простории (магацини) | 1 | 20 | - |
| Вкупно: | | 3 | 140 | |

**в)Простории за здравствени и санитарни потреби и други помошни простории**

| Ред. бр. | Вид на просторија | број | м$^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Кујна | 1 | 70 | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Ходници | 3 | 280 | - |
| 3. | Скривници | - | - | - |
| 4. | Санитарни јазли | 6 | 120 | - |
| 5 | Др. санитарни јазли | 2 | 10 | |
| 6. | Др.(перална,пеглара,котлара) | 3 | 80 | - |
| Вкупно: | | 15 | 560 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Тоалет за вработени | 1 | 5,8 | - |
| | Вкупно: | 12 | 121,3 | - |

**в)Занимални санитари:** На ден 2.9.2019 година, на улицата Загорје без број, беше отворена новата градинка „Даландушет“, во населбата Бала Маало во Кичево - Општина Кичево која ќе се користи за згрижување и едукација на децата предучилишна возраст (возраст од 9 месеци до 6 години). Објектот располага со капацитет за згрижување на 120 деца , кои ќе бидат опфатени во 6 групи.
Објектот ги исполнува сите стандардни услови и помошна опрема (нова кујна, тоалетни партиции, кревети и дидактичка опрема) и е подготвена за нормално функционирање. Објектот има нето корисна површина од 812,8 м2 и двор од 9349 м2.

Објектот располага со следниве простори:

**а) Заеднички простории и комуникација:**

| Ред. Бр. | Вид на просторија | број | $m^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | главен влез | 1 | 20,6 | - |
| 2. | ходник | 1 | 236,3 | - |
| 3. | помошен влез | 2 | 13,4 | - |
| 4. | трпезарија | 1 | 60,5 | - |
| 5. | кујна | 1 | 21,7 | - |
| 6. | остава | 1 | 12,2 | - |
| | Вкупно: | 7 | 364,7 | - |

**б)Помошни простории, простории за вработени/персонал/администрација:**

| Ред.бр | Вид на просторија | број | $m^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | претпростор | 2 | 19,5 | - |
| 2. | Женски гардероби со туш | 1 | 7,4 | - |
| 3. | Женски тоалет | 1 | 2,4 | - |
| 4. | Машки гардероби со туш | 1 | 7,4 | - |
| 5. | Машки тоалет | 1 | 2,4 | - |
| 6. | перална | 1 | 13,8 | - |
| 7. | котлара | 1 | 21,8 | - |
| 8. | управител | 1 | 12 | - |
| 9. | амбуланта | 1 | 13,2 | - |
| 10. | Просторија за вработени | 1 | 15,6 | - |

| Ред.бр. | Вид на просторија | број | $m^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Училница/занимална | 6 | 251,8 | - |
| 2. | мијалници | 6 | 32,9 | - |
| 3. | тоалети | 6 | 42,1 | - |
| | Вкупно: | 18 | 326.8 | - |

И трите објекти во потполност одговараат согласно нормативите за предучилишно воспитание и образование. Хортикултурата е уредена околу трите објекти, односно засадена е трева, ниски дрвца (жбунови), борчиња и сл. Дворните површини се користат за часови во природа, за реализација на часовите по физичко воспитување, прошетка на чист воздух и сл.

**г)Дворни и други површини**

| Ред. бр. | Вид на просторија | број | $м^2$ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Уредени дворни површини (Хортикултура) | 3 | 10.661 | од трите градинки |
| 2. | Неуредени дворни површини | - | - | - |
| 3. | Уредени детски катчиња | - | - | - |
| 4. | Други простории,(тераси) | 14 | 420 | - |
| | Вкупно: | 17 | 11.081 | |

**д)Опременост со основниот инвентар и мебел:**

-опрема и мебел за деца од детски јасли

-опрема и мебел за деца од градинка

(Напомена со тек на време реализирајќи ја програмата детските јасли се опремија со елементи и прегради за формирање на катчиња. Истото се однесува и за групите од детската градинка. Но со оглед на тоа дека отогаш е поминато подолго време истите се дотраени а некои целосно оштетени. Во зависност од можностите на установата или од други средства оваа учебна година ќе се потрудиме нешто да обновиме.)

Во состав на ЈОУДГ Олга Мицеска Кичево функсионира група во други просторни услови во Општина Пласница со капацитет на 25 деца за згрижување. Групата е хетерогена со деца од 3 до 6 годишна возраст.

**ѓ) Вработени во ЈОУДГ Олга Мицеска Кичево**

Во детска градинка вработени се на неопределно време 50 лица од кои :

- 1 директор
- 1 стручен работник ( социјален работник)
  - 10 воспитувачи
  - 21 негователи
  - 1 книговодител
  - 1 благајник
  - 1 возач набавувач
  - 1 ложач на парни-котли
  - 2 готвачи
  - 1 помошник готвач
  - 6 хигиеничари
  - 1 хаусмајстор
  - 2 садомијач
  - 1 перачка-пеглачка

Од вкупно 50 вработени :

- 23 вработени се од македонска националност.
- 18 вработени се од албанска етничка заедница.
- 9 вработени од турска етничка заедница.

**3. Играчки и дидактички материјал**

Детските јасли се опремени со дидактички материјал од кој поизразити се т.н. табуретки од разни форми и разни бои т.е. истите се прилагодени за возраста на децата. Исто така како дидактички материјал се третира и т.н. душечиња кои се користат за изведување на подвижни игри, лазање на децата при почетните движења и сл. Во јаслите има и коцки, детски сликовници, сунѓерасти животинчиња и слично но секогашдецата имаат потреба од поголем број на играчки.

**4. Опременост на градинката со соодветни центри**

Градинката е опремена со следниве центри(за играње и учење): литературно, семејно, конструктивно, сообраќајно, музичко и математичко катче. Сите катчиња се опремени со сличен детски материјал, кој е расподелен во центри. Во семејните центри стојат елементи што служат во домот, кујната и сл. некои од нив се оштетени и треба да се заменат со нови.

**5. Аудиовизуелни и други технички помагала**

| Ред. бр. | Вид на средство | Вкуп. број | состојба | | користење | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | исправни | неисправни | воспит. | актив. |
| 01. | Епископ | - | - | - | - | - |
| 02. | Графоскоп | - | - | - | - | - |
| 03. | Касетен прибор | - | - | - | - | - |
| 04. | Радио со цд | 7 | 7 | - | - | - |
| 05. | Касетофон | 5 | 5 | - | - | - |
| 06. | Магнетофон | - | - | - | - | - |
| 07. | Грамофон | 1 | - | 1 | - | - |
| 08. | Кино проектор 8мм | - | - | - | - | - |
| 09. | Кино проектор 16мм | - | - | - | - | - |
| 10. | Разгласна станица | - | - | - | - | - |
| 11. | ТВ приемник | 4 | 4 | - | - | - |
| 12. | Видео камера | 1 | 1 | - | - | - |
| 13. | ДВД-плеер | **3** | **3** | | - | - |
| 14. | Машина за пишување | 2 | 2 | - | - | - |
| 15. | Компјутер | 4 | 4 | - | - | - |

Во однос на опременоста со аудиовизуелни и други технички помагала не можеме да бидеме задоволни, бидејќи како што се гледа од табеларниот преглед овие помагала не ги задоволуваат потребите на градинката.

**6. Библиотека**

Литературата за деца се чува во занималните во литературните центри, додека пак стручната литература која е на располагање се чува во посебна просторија, и тоа:

**а) стручна литература**, и

**б) литература за деца**.

Од стручната лиетратура со која се служи воспитниот кадар се располага со прирачници од сите воспитно-образовни подрачја одобрени од МТСП.

Исто така во последно време ги користиме и прирачниците одобрени од Министерството за труд и социјална политика.

Оваа учебна година ќе ги користиме и прирачниците Креативни игри за деца од 4-5 години и Креативни игри за деца од 5-6 години,Математика од 4-5 и Математика од 5-6 год.,

како и  Бон Тон за деца.Литературата која ќе се користи е дво јазична и тоа на македонски јазик и на албански јазик.

Со литература за деца и детски списанија не се располага во доволни количини но сепак во рамките на можностите ги има најосновните списанија и сликовници, IСмешков(само на македонсли јазик) и  IРосицав( дво јазична) и сл.одобрени од МТСП.

Во рамките на установата се прават големи напори за обезбедување на посоодветна литература со цел да се збогати фондот со стручна литература меѓутоа поради ограничените финанси и можностите се ограничени.

**7. Број на воспитни групи и број на деца**

| Видови на воспит. групи | Структура на воспитни групи | Број на групи | Број на машки деца | Број на женски деца | Вкупно деца |
|---|---|---|---|---|---|
| Детски јасли-мат. организација | до 12 месеци<br>над 12 мес. до 18 мес.<br>над 18 мес. до   2 год. | -<br>1<br>- | -<br>12<br>- | -<br>8<br>- | -<br>20<br>- |
| | Вкупно | 1 | 12 | 8 | 20 |

- Од вкупно 20 деца 2 се од албанска етничка заедница.

| Видови на воспит. групи | Структура на воспитни групи | Број на групи | Број на машки деца | Број на женски деца | Вкупно деца |
|---|---|---|---|---|---|
| Детска градинка-мат. организација | над 2 год. до 3 год.<br>над 3 год. до 4 год.<br>над 4 год. до 5 год.<br>над 5 год. до 6 год. | 1<br>1<br>1<br>2 | 12<br>18<br>13<br>40 | 16<br>14<br>19<br>29 | 28<br>32<br>32<br>69 |
| | Вкупно | 5 | 83 | 78 | 161 |

- Во матичниот објект од :
  - **2-3 години** од вкупно 28 деца 3 се од албанска етничка заедница .
  - **3-4 години** од вкупно 32 деца 3 се од албанска етничка заедница,1 од турска етничка заедница
  - **4-5 години** од вкупно 32 деца 3 се од албанска етничка заедница.
  - **5-6 години** од вкупно 69 деца 3 се од албанска етничка заедница, 4 од турска етничка заедница i 3 se od romska etni~ka zaednica.

| Видови на воспит. групи | Структура на воспитни групи | Број на групи | Број на машки деца | Број на женски деца | Вкупно деца |
|---|---|---|---|---|---|
| Клон "Цветови" | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2-3 години<br>3-4 години<br>4-5 години<br>5-6 години | 1<br>1<br>1<br>1 | 14<br>13<br>15<br>21 | 15<br>19<br>20<br>11 | 29<br>32<br>35<br>32 |
| | Вкупно: | 4 | 63 | 65 | 128 |

Во Клон Цветови од :

- **2-3 години** вкупно 29 деца сите од македонска етничка заедница.
- **3-4 години** вкупно 32 деца сите од македонска етничка заедница.
- **4-5 години** од вкупно 35 деца 3 се од турска етничка заедница.
- **5-6 години** од вкупно 32 деца 1 е од турска етничка заедница.

**Објект „Даландушет„**

| Видови на воспит. групи | Структура на воспитни групи | Број на групи | Број на машки деца | Број на женски деца | Вкупно деца |
|---|---|---|---|---|---|
| Детски јасли организација | до 12 месеци<br>над 12 мес. до 18 мес.<br>над 18 мес. до 2 год. | -<br>1<br>- | -<br>11<br>- | -<br>9<br>- | -<br>20<br>- |
| | Вкупно | 1 | 11 | 9 | 20 |

- Од вкупно 20 деца 9 се од албанска етничка заедница и 3 се од турската етничка заедница.

| Видови на воспит. групи | Структура на воспитни групи | Број на групи | Број на машки деца | Број на женски деца | Вкупно деца |
|---|---|---|---|---|---|
| Детска градинка-Даландушет организација | над 2 год. до 3 год.<br>над 3 год. до 4 год.<br>над 4 год. до 5 год.<br>над 5 год. до 6 год. | 1<br>1<br>1<br>1 | 10<br>11<br>20<br>21 | 12<br>23<br>10<br>14 | 22<br>34<br>30<br>35 |
| | Вкупно | 4 | 62 | 59 | 121 |

- **2-3 години** од вкупно 22 деца 12 се од албанска етничка заедница, 3 се од турска етничка заедница и 2 се од ромска етничка заедница .
- **3-4 години** од вкупно 34 деца 25 се од албанска етничка заедница,8 од турска етничка заедница и 1 од ромска етничка заедница.
- **4-5 години** од вкупно 30 деца 18 се од албанска етничка заедница , 10 се од турска етничка заедница и 2 се од ромска етничка заедница.

- **5-6 години** од вкупно 35 деца 20 се од албанска етничка заедница, 12 од турска етничка заедница и 2 се од ромска етничка заедница.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СЕ Вкупно: | | 231 | 219 | 450 |

Во ЈОУДГ „Олга Мицеска" Кичево заклучно со септември запишани се 450 деца, од кои:

- 307 деца се од македонска националност
- 100 деца се од албанска етничка заедница
- 33 деца се од турска етничка заедница
- 10 деца се од ромска етничка заедница

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО УСТАНОВАТА

**1. Организација на животот и работата во детските јасли**

Детските јасли претставуваат специфичен колектив на меѓусебни односи на деца со возрасни, и деца со деца што имаат посебни вредности и предности за развиток на сестрано развиена личност, поаѓајќи од целите на предучилишното воспитание и образование.

**а) Нега и исхрана на децата**

За да се задоволат органските потреби на децата потребно е да се спроведе негата и исхраната. Со негата и правилната исхрана се допринесува за правилен физички растеж и развој на детето и се развиваат елементарните навики, за исхрана и одржување на хигиената. Медицинската сестра која е и негователка е битен услов за правилна, успешна и организирана нега. Тие моменти треба да бидат извор на пријатни и радосни доживувања на детето.

Во текот на хранењето детето се привикнува активно да учествува во консумирањето на храната, да се храни со лажиче а покасно и само да се послужува. Исхраната на децата на таа возраст треба да одговара на сите стандарди и нормативи и истите да допринесат за правилен развој на детската личност.

**б) Здравјето и физичкиот развој на децата**

Најважни показатели за проценка на физичкиот развиток на детето е неговата телесна тежина и висина. Растежот во тежината и висината се индивидуални, а за проценка на развиеноста на доенчето и малото дете секогаш треба да се користат двата показатели.

Грижата за здравјето и физичкиот развој на детето, покрај семејството има и организирањето на децата и нивната нега во јаслите, како една форма во установата за предучилишно воспитание и образование. Правилниот физички развој ќе се оствари со планска и организирана работа во предучилишната установа како правилната нега према нив, правилната исхрана, хигиената и целокупниот организиран живот во градинката.

**в) Воспитни активности**

Воспитните активности кај оваа возраст ќе се реализираат преку разновидни симболични, функционални игри - дидактички, конструктивни, творечки, подвижни игри, со кои ќе се збогатува детското искуство преку кои ќе се развива движењето и говорот на децата.

Игрите и престојот на воздух и испраќањето на децата ќе се применува секој ден, како и при игровните активности на детето. Со престојот на воздух и игрите кај децата се развива детскиот организам и чување и негување на детското здравје.

**2. Организирање на животот и работата во детската градинка**

Во основа целокупната организација на животот и работата во детската градинка се спроведува преку двата основни сегменти, а тоа се исхрана и грижа за здравјето и физичкиот развој на децата, и организација на воспитно-образовната дејност.
Воспитно-образовната дејност во предучилишната установа ја опфаќа целокупната работа со децата во текот на денот, поради што неа ја чини комплексна и специфична. Воспитно-образовната дејност се остварува низ разновидни активности поврзани со секојдневните животни потреби на детето, како во игрите, работните активности и учењето. Во текот на овие активности треба да се овозможи на децата што поцелосна адаптација во својата околина, да се стекнува сигурност, самодоверба и социјабилност.

Тие активности се **слободни, насочени и животни**.

Улогата и значењето на **слободните активности** се состои во следното: да му се обезбеди слобода во играта, насочување и следење на детскиот развој, низ тие активности како форми детето треба да твори, да се здружува со други деца низ заеднички активности, заедничко излегување на чист воздух и на отворен простор. Се организираат според детските интереси и желби, а се остваруваат во зависност од дневниот распоред, просторот и годишното време. Овие активности се изведуваат на отворен простор. За овие активности се обезбедуваат и посебни услови, односно катчиња за игра, потребни дидактички средства и играчки, сликовници и слично.

**Насочените активности** ќе се изведуваат секојдневно во определено време, по однапред испланирани содржини по определени воспитно-образовни подрачја. При планирањето на насочените содржини треба да се води сметка да не се оптоваруваат децата. Со овие активности раководи воспитно-згрижувачки персонал. И во оваа учебна година воспитувачите ќе изработуваат годишни глобални планови каде ќе бидат внесени темите по воспитно-образовни подрачја и времето на реализација во текот на учебната година.

**Животните активности** ќе претставуваат форма за задоволување на детските потреби, како потребите за храна, за одмор, одржување на хигиената и слично. Активностите поврзани со секојдневниот живот на детето за време на неговиот престој, имаат исто така важна улога во остварувањето на воспитно-образовната дејност. Низ овие активности се задоволуваат како што веќе е наведено погоре, детските потреби од храна, одмор, престој на воздух, се овозможува формирање и зацврстување на културно-хигиенските навики кај децата и сл.

**а) Седмичен и годишен план на насочени активности според воспитно-образовните подрачја**

| Воспитно-образовни подрачја | Број на насочени активности според возраста на дцата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прва мала група | | Втора мала група | | Средна група | | Голема група | |
| | седмич | годиш. | седмич | годиш. | седмич | годиш. | седмич | годиш. |
| Физичко и здр. воспит. | 1 | 34 | 1 | 35 | 1,5 | 54 | 1,5 | 57 |
| Запоз. на при. и опш. | 1 | 34 | 1 | 35 | 1 | 36 | 2 | 76 |
| Култура на говорот | 1 | 34 | 1 | 35 | 1 | 36 | 2 | 76 |
| Вовед во математика | - | - | 0,5 | 15 | 1 | 36 | 1,5 | 57 |
| Ликовно воспитание | 1 | 34 | 1 | 35 | 1,5 | 54 | 2 | 76 |
| Музичко | 1 | 34 | 1 | 35 | 1 | 36 | 1 | 38 |
| Вкупно: | 5 | 170 | 5,5 | 190 | 7 | 252 | 10 | 380 |

**б) Работно воспитание на децата**

**1. Цели и задачи.** Целите и задачите на работното воспитание на предучилишните деца произлегуваат од суштината и значењето на работата на луѓето, од општата цел на работната и политехничкото воспитание во нашето општество на децата и од специфичноста на нивните работни активности. Целта на работното воспитание е кај децата да воспоставува позитивно социјално-емоционални односи кон работата и да развива елементарни работни умееља и навики.

Задачите на работното воспитание се:

-да придонесе за создавање интерес и позитивен однос кон работата и средствата за живот, игра и работа;

-да придонесе за создавање елементарни практични умееља и навики за самостојно извршување на одредени активности;

-запознавање со работата на луѓето во непосредната општествена средина;

-да буди интерес кон техничките предмети и играчки и да формира работни умееља за конструирање со обликуван и необликуван материјал;

-да создава навики за ред, уредност и самостојност, трудољубивост, истрајност, одговорност, иницијативност и сл., и

-да ги подготвува децата за работни задолженија во училиште.

**2. Форми, содржини и активности.** Формите и содржините на работното воспитание ќе се формираат согласно со програмата на воспитно-образовната работа. Такви активности и форми можат да бидат, работни активности за самопослужување во непосредната општествена средина, активности во природата и околината и друго.

**в) Еколошко воспитание**

**1. Цели и задачи, форми, содржини и активности.** Целите и задачите на ова воспитание е да се создава кај децата љубов и навика за чиста и здрава околина, правилно одржување на дворните површини и хортикултура.

-изведување на акции внатре во градинката и надвор за почиста средина, како и почист град, а со тоа и вклопување во акцијата "Недела на хигиената". Пролетта е најубавото време во годината, кога започнува еден нов живот, каде секој треба се да даде од себе во борбата против уништувањето на природата. Содржината и активностите ќе произлегуваат од целите и задачите од еколошкото воспитание. Кај децата да се стекне работна навика за засадување на млади садници, цвеќиња и потоа да се развива грижа за нив;

-кај децата да се создава љубов кон зелената хортикултира која не опкружува околу градинката, почесто да се изведуваат на чист воздух, да се наводнуваат цвеќињата во дворот и да им се објасни од потребата за наводнувањето;

-да им се објасни на децата да ја сакаат природата и зошто трба да го прават тоа, а тоа ќе го чинат преку набљудувањето и прошетките низ природата. Месецот мај е месец на екологијата и тогаш со децата се прават прошетки а воедно симболично да се вклучуваат во чистење на дворните површини, внатре во градинката, да го уредуваат дворот, паркот и сл. Се избира тема "Пролет", се прават повеќе прошетки и набљудувања: посета на цветна и зеленчукова градина каде може да се почуствува и будењето на природата, децата се запознаваат со инсектите, пролетните звуци, пролетните мириси, боите на пролетта, работата на луѓето во природата и сл.

## ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

1.Згрижувачкиот, воспитно-образовниот и стручниот кадар во установата согласно програмата за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и

образование, ќе изработат годишен глобален план по сите воспитно-образовни подрачја. За оваа учебна 2022/2023 година а со цел за подобра и поуспешна реализација на програмата за воспитно-образовната работа во нашата предучилишна установа, ќе изготват годишни глобални планови по сите воспитно-образовни подрачја и тоа:

-згрижувачкиот персонал ќе ја изготви програмата на советот на негователките;

-воспитниот персонал ќе ја изготви програмата на советот на воспитувачите;

-педагогот ќе ја изготви годишната програма за реализација на поставените задачи по месеци.

2.Згрижувачкиот и воспитно-образовниот кадар ќе врши подготовка - планирање на секојдневните слободни и насочени активности со децата. Во нашата установа планирањето е тематско и во него го нема поранешното тематско делење на денот на слободни и насочени активности, игри и прошетки, туку сите тие се испреплетени и се остваруваат во зависност од детските потреби и интереси, а сите од своја страна поврзани со дадената тема. Имено во текот на денот или за реализација на некоја програмска содржина застапени се сите воспитно-образовни подрачја по катчиња. Секој воспитувач за својата група изработува годишно планирање на воспитно-образовната работа. Тоа ги содржи развојните задачи на кои треба да се работи во дадената група и учебна година, избор на теми низ кои ќе се реализираат предвидените задачи.

3.План и програма за реализација на вонинституционални форми на работа со децата во установата ќе иготви стручниот тим.

Со реализацијата на програмата тимот комплетно се залага за да постигне резултати во својата работа. Се спроведуваат сите основни компоненти на програмата, некои соодветни содржини кои одговараат на развојот на детето, почитување на детската индивидуа и можност децта да прават избор на катчиња и активности во занималните. После $12^{00}$ часот, воспитувачите ја евидентираат и ја еволуираат работата од изминатиот ден.

Планот на темата, нејзината временска и просторна димензија се изготвува заедно а шемите ги прават тимовите на занималните, шематски приказ на темите се истакнува на огласна табла во холот на место кое е за тоа одредено.

5.Посебно внимание ќе се посвети на ангажирањето на згрижувачкиот и воспитно-образовниот кадар во установата на полето на унапредување на дејноста, преку применување на нови форми и методи во работата, изготвување на работно-игровни средства и друго.

Поаѓајќи од потребата за тематско планирање, односно тематски приод во планирањето на воспитно-образовните содржини, потоа нивното следење и опсервирање во согласност со нивните желби. При дневното планирање на темата на денот за успешно остварување и постигнување на поставените развојни задачи неопходно е да се осмисли физичката средина во која детето ќе игра и учи. При тоа многу е важен изборот на содржината во која мера ќе се дозира, а тоа значи да не биде ниту многу лесен ниту претежок за совладување.

Што се однесува до времето не се поставува строга временска динстанца и треба да постои комбинација од фронтална работа, т.н. групно време, паралелна работа во катчиња во помали групи и индивидуална работа.

Во поглед на методите кои се користат во воспитно-образовната работа денес, важно е со нив да ги активираме сите деца и да го намалиме нивното пасивно учество, на децата да им дадеме повеќе избор, да го почитуваме принципот на индивидуализација и ја негуваме тимската работа вклучувајќи и други лица.

Децата ги потикнуваме на самостојност и независност. Што се однесува до улогата на воспитувачот во текот на игрите и активностите, неговото учество не е секогаш задолжително. Понекогаш неговата улога е покомплексна, а понекогаш ќе има насочувачко-интерактивна улога.

За успешна реализација на игрите и игровните активности важни се материјалите и средствата за игра да бидат привлечни за децата, да бидат поставени на соодветни места кои ќе привлекуваат внимание, да бидат што поразновидни за да задоволуваат што повеќе аспекти во развојот кај децата, а со тоа да се постигнат задачите предвидени за тој ден. Овие игровни активности се само дел од она што може да се реализира во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

## СТРУЧНО - ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ ВО УСТАНОВАТА

**1.Здравствена заштита на децата.**

**а)Потребата и значење** на оваа активност во установата е секако од примарно значење. Здравствената заштита на децата во установата е составен дел на основната здравствена заштита. Со вклучувањето на децата во колективниот живот, наметнува сериозни здравствени проблеми кои адекватно треба да се разрешуваат бидејќи за чувањето и унапредувањето на здравјето е едно од основните задачи, а воедно еден од основните предуслови за вкупниот успех во работата на овие институции. Во оваа возраст децата се посебно осетливи на инфекции (незрелост на имунолошкиот одбрамбен механизам) полесно се повредуваат, незрелост во моториката и полесно се повредуваат, недостаток на искуство и затоа на детето му е потребна правилна исхрана, здрава, социјална и емотивна средина.

**б)Целта и задачата** на установата е кај децата од оваа возраст да се подигне здрава и правилна психофизичка и социјална личност, и отстранување на штетните влијанија врз нивното здравје.

-да се обезбедат услови за зачувување и унапредување на здравјето на детето;

-да се преземат навреме хигиенско-епидемиолошки и профилактички мерки;

-да се организира здрав престој и целосна исхрана;

-да се остварува систематска контрола на здравствената состојба на децата и да се следи;

-да се следи состојбата на забите кај децата;

-да се реализира здравствено-воспитната работа и здравствено просветување на родителите;

-да се води здравствена документација за психофизичкиот развој и сл.

**в)Формите и содржината и активностите** за остварување на здравствената заштита на децата можат да се апсолвираат преку:

**1.Санитарно-хигиенски надзор** во објектите кои ќе се реализираат со:

-хигиена во просториите и хигиенски услови за работа во просториите во кои престојуваат децата,

-контрола на просториите во кои се чува, се готви и се дистрибуира храната,

-хигиена на јазлите и отстранување на отпадните материи.

**2.Контрола и надзор над исхраната**:

-процес на чување на храната,

-давање на оброк,

-стручна помош во врска со здрава исхрана.

**3.Следење на растењето и развојот на децата**:

-систематски прегледи,

-стоматолошки прегледи.

**4. Надминување на проблемот на рамните стопала кај децата:**

-едукација на одреден број на воспитувачи, како правилно да ги изведуваат вежбите со децата, а се со цел да се оствари правилен раст и развој на децата, намалување на бројот на децата со рамно стопало, како и создавање на навика за вежбање со децата,

-едукација на родителите, како во слободно време да вежбаат со своите деца.

**г)Носители на здравствената заштита** се лекари и медицински лица. Бидејќи установата не е во состојба да обезбеди лекар во постојан работен однос, за здравствената заштита на децата перманентно се грижи медицинската сестра, која како самостоен работник се вклучува во сите акции:

-триажа на децата при нивниот прием во установата (секојдневно),

-контрола на храната,

-набљудување на децата со цел да ги открива сите промени во однос на нивната здравствена состојба,

-водење на медицинска документација, евиденција и известување,

-соработка со медицинскиот центар, санитарните и другите инспекциски служби поврзани со оваа проблематика и со Заводот за унапредување на домаќинството.

**2.Јавна и културна дејност.**

а)**Целта и задачите** од областа на јавната и културната дејност е да се придонесе за што поцелосно остварување на севкупните задачи на општествено организираното предучилишно воспитание и образование, а особено за подобрување на воспитно образовните резултати и за развивање и збогатување на општествениот и културниот живот во општествената средина во која работи предучилишнта установа.

Целите и задачите на јавната и културната дејност се:

-да се афирмира градинката во општествената средина како културно просветен центар и како јавна установа од поширок општествен интерес од посебно значење за остварување на општествената грижа за децата;

-да им се овозможи на децата постапно да ги запознаваат основните карактеристики на општествениот живот, настаните во средината, како и да се запознаваат со општествените и културните институции;

-да се обезбеди активно учество на воспитувачите и негователките и останатите работници од предучилишната установа во општествениот живот на средината;

-да се организира максимална соработка со родителите на децата со цел да се обезбеди единствено внимание врз развојот на децата;

-на родителите да им се овозможи активно вклучување во решавањето на проблемите на установата, во создавање на поповолни услови за остварување на дејноста;

-установата да развие општествена свест кај возрасните и да влијае врз создавање интерес и да влијае врз него при создавање на потребата од општествено организирано предучилишно воспитание и образование.

**б)Како форми и содржини** од оваа проблематика акцентот ќе биде ставен врз соработката со родителите која зазема значајно место и тоа ќе се остварува за да се усогласи влијанието на институцијата и семејството и на тој начин да се подигнува квалитетот на општествено организираното предучилишно воспитание и образование. Соработката со родителите во главно се остварува низ следниве форми:

-Разговори при приемот или испраќањето на децата, при што родителите да бидат информирани за се она што било значајно во текот на дневниот престој на детето во групата или во домот;

-Индивидуални консултации кои овозможуваат двата воспитни фактори да ги проверат своите забелешки и предлози или да ги сознаат новите постигнувања во развојот на детето;

-Домашните посети како посебна форма на соработка имаат позитивно значење за развојот на детето. Со тоа се врши осознавање за тоа каде и како, односно во какви семејни и општествени услови живее детето;

-Групни разговори, односно разговори со група на родители на иста тема поврзани со определен проблем кој е заеднички при што се прибираат мислењата и сугестиите за решавање на проблемот доколку го има;

-Родителските состаноци се посебна форма за соработка во установата на децата од предучилишна возраст, и тоа како општи родителски средби, со сите родители како корисници на услуги и посебни, по групи од одредена возраст;

-Изложбите се пригодна форма на соработка каде родителите се информираат. Тоа се остварува на едно место, се демонстрираат материјали од посебен интерес за родителите како ликовни творби на децата, детски изработки од природен материјал, фотографии од животот и работата на децата и сл;

-Приредбите и прославите во кои учествуваат децата имаат значајно место во соработката помеѓу родителите и градинката. Овие приредби и прослави што се организираат треба да бидат составен дел на содржините кои се остваруваат во секојдневната воспитно-образовна дејност;

-Во поново време семејството има голема улога во реализацијата на програма. За таа цел е формиран семеен советодавен комитет од родители кои непосредно се вклучуваат во реализација на програмата.

**3.Следење и унапредување на згрижувачко воспитно-образовната дејност во установата**

-**Основна цел** на воспитно-згрижувачката дејност е создавање на поволна едукативна средина во која детето на непосреден начин ќе се здобива со искуства, а постепено со организиран систем на методи и содржини ќе се подготвува за сознавањето и откривањето на себеси и својата околина, а **основна задача** на воспитно-згрижувачката дејност е да ги зачува, поддржи, потикне, насочи, развие и облагороди спонтаните активности на детето, почитувајќи ја неговата индивидуалност во откривањето, вклопувањето и менувањето на светот околу себе.

**4. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**

Квалитетот во образовниот процес може да се дефинира како образование прилагодено на сегашните и идни потреби на секое дете и општествени групи во зависност од околностите и натамошните можности. Поимот квалитет ги опфаќа и развојните можности на секој учесник во образовниот процес. Патот на развојот на поединецот води преку развојот на неговите потреби, интереси, можности, стремежи, очекувања и способности.

Во контекст на потребите и можностите за квалитетно образование, се воведе проектот: еко-градинка.

**- Основни цели:**

1. Стекнатите знаења на тема животна средина да се примената во пракса бидеќи немаме резервна планета за живеење;

2. Да се подигне свеста на децата, воспитувачите, негувателите, техничкиот персонал, родителите и сите други кои се вклучени директно или индиректно во програмата на тема животна средина а со тоа ќе се овозможи теоретското знаење да се примени во секојдневниот живот.

3. Со оваа програма децата ќе стекнат активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во градинката во домот во својата локална заедница и пошироко.

Сето ова ќе се постигне со примена на четирите еко стандарди: заштеда на енергија, заштеда на вода, одржување на зградата и здравата средина во градинката и уреден и еколошки двор.

Цел: Намалување на потрошувачката на електрична и топлинската енергија за 10% во споредба со претходната година.

| Точка на акција | Тема | Воспитно-образовна област | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Истакнување на упатствата за рационално користење на електрична и топлинака енергија | Како да ја заштедиме топлината и светлината | "Мојата околина" -природо и опшество -ликовно воспитание -македонски јазик | од 5-6 години | октомври јануари |
| Истакнување на упатствата за рационално користење на електрична и топлинака енергија | Како да ја заштедиме топлината и употребата на светлината | "Мојата околина" -природо и опшество -ликовно воспитание -македонски јазик | od 4-5 години | октомври јануари |
| Истакнување на упатствата за рационално користење на електрична и топлинска енергија | Како да ја заштедиме топлината и употребата на светлината | "Мојата околина" -природо и опшество -ликовно воспитание | од 3-4 години | октомври јануари |
| Истакнување на упатствата за рационално користење на електрична и топлинска енергија | Како да ја заштедиме топлината и употребата на светлината | -Македонски образовен јазик | од 2-3 години | октомври јануари |

**II ЕКО-СТАНДАРД: ЗАШТЕДА НА ВОДА**

Полиса: Рационално користење на водата во зградата и дворот на градинката.

Цел: Намалување на потрошувачката на вода за 10% во споредба со претходната година.

| Точка на акција | Тема | Воспитно-образовна област | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Истакнување на упатства за рационално користење на водата | Важноста на водата за сите живи суштества | -Природа и општество -јазик -ликовно воспитување | од 5-6 години | септември мај |
| Упатства за употреба на рационално користење на водата | Важноста на водата за сите живи суштества | -Природа и општество -јазик -ликовно воспитување | од 4-5 годинио | септември мај |
| Упатства за | Важноста на | -јазик | од 3-4 | септември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| употреба на рационално користење на водата | водата за сите живи суштества | -ликовно воспитување | години | мај |
| Правилно користење на чистата вода | Зошто треба да ја чуваме и штедиме водата | -јазик | од 2-3 години | мај |

**III ЕКО-СТАНДАРД: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО ГРАДИНКАТА**

Полиса: Здрава и чиста внатрешна средина за престој и работење.

Цел: Обезбедување на здрави услови за престој и работење во градинката.

| Точка на акција | Тема | Воспитно-образовна област | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Бојадисување на ѕидови со користење на еко бои наречени ИОС | Весели бои ја красат мојата градинка | -Природа и општество<br>-ликовно воспитување<br>-музичко воспитување<br>-јазик | од 5-6 години | септември<br>декември<br>мај |
| Бојадисување на ѕидови со користење на еко бои наречени ИОС | Весели бои ја красат мојата градинка | -Природа и општество<br>-ликовно воспитување<br>-музичко воспитување<br>-јазик | од 4-5 години | септември<br>декември<br>мај |
| Бојадисување на ѕидови со користење на еко бои наречени ИОС | Именување на бои | -јазик<br>-музичко воспитување<br>-ликовно воспитување | од 3-4 години | септември<br>декември |
| Бојадисување на ѕидови со користење на еко бои наречени ИОС | Именување на бои | -јазик<br>-музичко воспитување | од 2-3 години | декември |

**IV ЕКО-СТАНДАРД: УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР**

Полиса: Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.

Цел: Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во градинката.

| Точка на акција | Тема | Воспитно- | Возрасна | Време на |
|---|---|---|---|---|

| | | образовна област | група | реализација |
|---|---|---|---|---|
| Поставување и означување на корпи за органско ѓубре за хартија и за пластика | Од каде доаѓа отпадот и каде оди | -Природа и општество<br>-јазик<br>-математика | од 5-6 години | октомври<br>март<br>април<br>мај |
| Поставување и означување на корпи за органско ѓубре за хартија и за пластика | Од каде доаѓа отпадот и каде оди | -Природа и општество<br>-јазик<br>-математика | од 4-5 години | октомври<br>март<br>април<br>мај |
| Поставување и означување на корпи за органско ѓубре за хартија и за пластика | Од каде доаѓа отпадот и каде оди | -Природа и општество<br>-јазик<br>-ликовно воспитување | од 3-4 години | октомври<br>април<br>мај |
| Поставување и означување на корпи за органско ѓубре за хартија и за пластика | | -јазик<br>-музичко воспитување | од 2-3 години | април<br>мај |

**-Планирањето и организирањето на дејноста** се состои од неколку програми:

**1.Планот и програмата на стручниот совет** на установата кој го сочинуваат стручните работници и во чиј состав покрај директорот влегуваат педагогот, медицинската сестра и стручни работници. Стручниот совет работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш месечно и со нив раководи директорот на установата. Како и во минатото и оваа година стручното усовршување на кадарот ќе биде една од приоритетните задачи на установата. Тоа ќе се остварува во рамките на финансиските можности во установата и надвор од неа. Во установата како форми на усовршување на воспитувачкиот кадар ќе се користат слободните и насочените активности, реферати, предавања, следење на стручна и педагошка литература како и детски списанија. Надвор од установата стручното усовршување ќе се остварува преку посетување на семинари, курсеви и посети на други предучилишни установи;

**2.Планот и програмата на советот на воспитувачите** ќе го содржи остварувањето на целите и задачите на воспитанието и образованието, на развивањето на формите и принципите за работа кои придонесуваат за сестрано воспитување и образование на децата, за развивање и унапредување на условите за престој и нивниот психофизички развој, на разработување на програмата за воспитно-образовната работа, ќе работи на планот за стручното усовршување на воспитувачите, ќе ја реализира соработката со

родителите, предучилишните установи и друго. Советот на воспитувачите ќе се одржува најмалку еднаш месечно а по потреба и почесто.

**Тековни активности на советот на воспитувачи**

Тековните активности на воспитувачите во детската градинка, односно нивните обврски како стручен и професионален воспитно-образовен кадар, прецизирани во систематизацијата на работните задачи, се следни:

- предлага свои планови, врз чија основа се изработува Годишната програма за работа;
- изготвува годишна, среднорочена и дневна припрема за работа;
- редовно се подготвува за својата работа и води грижа за остварувањето на задачите;
- ја обавува воспитно-образовната работа во групата според програмата за работа;
- редовно ги организира слободните, насочените и активностите поврзани со секојдневниот живот;
- изготвува нагледни средства и материјали за непосредна работа;
- редовно и уредно ја води пропишаната евиденција и администрација за групата во хартиена и електронска форма;
- се гржи за естетскиот изглед и хигиената на својата занимална;
- редовно соработува со родителите, организира групни и индивидуални средби и консултации.

**Развојни активности**

Својата работа воспитувачите ја планираа пред почетокот на учебната година - можни содржини и активности,кои при нивното реализирање ќе се водат од Програмата за рано учење и развој, со цел постигнување на стандардите за соодветната возрасна група.

Воспитно-образовната дејност ја планираа и ќе ја спроведуваа реализирајќи:

➢ **Теми**:

| **Месец на реализација** | **Тема** | **Воспитна група** |
|---|---|---|
| Септември | -Градинката е како бајка,градинката е наша втора мајка<br>-Мојата татковина | Сите воспитни групи<br><br>(4-5 и 5-6) |
| Октомври | -Убавините на есента | Сите воспитни групи |
| Ноември | -Ги сакаме животните | Сите воспитни групи |
| Декември | -Зима,зима<br>-Моите вредни рачиња | Сите воспитни групи |
| Јануари | -Вита,вита,витамини за здравјето фини | Сите воспитни групи |
| Февруари | -Како се разболуваме, како се лекуваме | Сите воспитни групи |
| Март | -Пролет мила расцвета<br>-Сонцето извор на живот | Сите воспитни групи |
| | -Што се расте? | |

| | | |
|---|---|---|
| Април | -Како растам? | Сите воспитни групи |
| Мај и јуни | -Патуваме,патуваме | Сите воспитни групи |
| Јули | -Летни активности | Сите воспитни групи |
| Август | -Летни игри | Сите воспитни групи |
| Во текот на цела година | Математика низ игри | Сите воспитни групи |

- **Упатства за планирање на активности од Програмата за рано учење и развој:**
  -„Традиционални игри во установите“
  -„Спорт и спортски активности“
  -„Стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување“

- **Проекти**:
  -„Градот низ детските очи"
  -„„Бонтон за деца"
  -„Од дете за дете“
  - „Рециклирање со имагинација“
  - „Семејство и семејни вредности“
  - „Моја хигена моја навика“

Советот на воспитувачи во својата програма ги зацрта и активностите, кои се однесуваат на:

- Јавни и културни активности
- Соработка со родителите
- Стручното усовршување
- Соработка со пошироката средина

3.**Планот и програмата на советот на негователките** ќе ги содржи целите и задачите поврзани со згрижувачките активности на децата, нивната нега, хигиена, исхрана и особено нивното здравје во контекст на психофизичкиот развој. Како и останатите тела и советот на негователките ќе се одржува најмалку еднаш во месецот;

**Тековни активности на советот на негователи**

-унапредување и интензивирање на згрижувачко - воспитната дејност;

- секојдневно служење со Програмата за рано учење и развој, како и посамостојно служење со истата;

-редовно користење на стручна литература која ја опфаќа проблематиката на децата од соодветната возраст, како и со истите да се служат во својата работа.

- планирање на игровните активности со децата од јаслена возраст;
- унапредување и интензивирање на згрижувачко-воспитната работа;

При реализирање на воспитно-образовните активности ќе работаат на поттикнување и развивање на сите домени на детската личност, а сето тоа ќе го спроведуваат преку:

-игровни активности (во најмалата возрасна група ќе се изведуваат индивидуално, додека во поголемите јаслени групи се премине и на работа во групи од 2-3 деца);

- слушање музика;
- имитирање на звуци;
- гимнастика;

-извршување на зададени задачи (качување, слегување, протнување...);

- говорни активности (опишување на предмети, ситуации, слики и сл.).

**4.Планот и програмата на педагогот** со својата содржина е насочена во решавање на конкретни и воспитно-образовни задачи. Програмата се изготвува за секоја учебна година и врз основа на тоа се реализираат неговите активности оперативно, по месеци. Врши упис на децата во градинката и ги формира воспитните групи по возраст и по работни единици. Заедно со директорот врши распоред на воспитно-згрижувачкиот персонал по групи како и распоред на потребниот материјал за работа. Ги организира родителските средби како заеднички со сите родители, исто така и по групи. Посочува на педагошка и детска литература и постојано ја координира работата за поуспешна реализација на програмата. Ја потикнува работата на семејниот советодавен комитет, така што со ангажирање на родителите во многу ќе се допринесе за реализација на пооделни делови од програма.

## Развојни активности на педагогот

Како педагог на установата за учебната 2022/2023 година, покрај тековните задачи, за приоритетни ги имам поставено реализирањето на активностите како:

-електронско формирање на групите;

-давање упатства, совети и насоки за електронското водење на педагошката евиденција и документација;

-давање стручна помош за воспитно-образовната работа на неговителките од јаслените групи;

-организирање и земање учество во спроведување на интерни отворени активности;

- давање идеи, сугестии за содржини, посебно по проекти;

-редовно доставување на извештаи до МТСП за активностите во нашата градинка по проектите;

- иницирање и давање мислење за содржините за одбележување на Недела на детето и други важни меѓународни денови;

-организирање на детски театарски претстави;

-земање учество, давање сугестии за набавка на стручен материјал воспитно-образовниот персонал;

- земање учество, давање сугестии за набавка на детски игровен и дидактички материјал;

## 5. План и програма за работа на психологот

Работа на психологот опфаќа задачи и активности преку кои придонесува во подигање на квалитетот на воспитно - образоната дејност на детската градинката и нејзина општествена функција.

Во соработка со другите соработници психологот учествува во планирање, програмирање, следење, проценување и унапредување на дејноста.

Главни содржини на годишната програма ќе бидат:

| Ред бр. | Содржини | Соработка |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Изработување на програма за својата работа-оперативен план | Директор стручен колегиум |
| **2** | Учество во изработка на годишната програма на установата | Директор работни групи |
| **3** | Учество во формирање на воспитни групи | Работни групи , одговорни воспитувачи |
| **4** | Учество во комисија за прием на деца | Директор, педагог и членови на комисија |
| **5** | Следење на адаптација и социјализација на децата | Воспитувачи и негователи |
| **6** | Психолошко инструктивна работа со кадарот во планирањето и реализација во воспитно образовната работа и следење на ефектите | Стручни соработници Воспитувачи и негователи |
| **7** | Следење на психофочкиот развој на децата | Воспитувачи и негователи |
| **8** | Идентификација и работа со деца со специфични развојни потреби во развојот | Воспитувачи и негователи<br>Завод за ментално здравје<br>Завод за слух, говор и глас |
| **9** | Консултативна и едукативна соработка со родители за прашања и проблеми за развојот и воспитувањето на детето | Директор<br>родители |
| **10** | Анализа и истражување во разработка и унапредување на територијата и праксата за развојот на децата и воспитно образовната работа | Стучни институции |
| **11** | Соработка со научни и стручни организации и институции | Филозофски факултет-психологија , педагогија и др. Организации и блиски на дејноста |

Во рамките на своите активности посебно внимание песветува на укажување на основите и специфичностите на развојот на детето, нивна примена и почитување во пракса .

**6.Планот и програмата на директорот** ќе се состои во реализација на активностите зацртани во годишната програма на установата. Како раководно лице во установата треба да биде активно вклучен во сите сегменти од работењето и при тоа да координира

со реализацијата на сите програмски определби за успешно спроведување на истите. Активно треба да биде вклучен во реализација на нови проекти, било да се тоа од воспитно-образовна природа па се до секојдневните најразновидни проблеми кои ќе произлегуваат од самата работа. Перманентна активност ќе биде обезбедување на услови за работа и создавање на можности за реализација на основната дејност. Работата на директорот е насочена претежно кон реализација на она што е пропуштено во изминатиот период со цел истото да се надополни, да се надогради, да се усоврши и да се внесува нов квалитет во секој сегмент од работењето. Целта на директорот е установата да функционира а со тоа да ја реализира својата основна дејност, да се афирмираат надвор од својата локација што секако треба да биде заложба на целокупниот персонал.

Главни полиња на дејствување на директорот за воспитната 2022/23г. ќе бидат:

- планирање, организирање и реализирање на основните поставки за работењето на детската градинка;
- организирање и обединување на севкупните служби во детската градинка и непосредно раководење со заедничките служби;
- застапување и претставување на детската градинка;
- предлагање на Годишна програма и Извештај за работата на градинката;
- поднесување извештај за материјално-финансиско работење во градинката;
- стручно ангажирање во функција на педагошки инструкции и непосредно ангажирање на унапредување на воспитно згрижувачката работа;
- превземање мерки и активности за создавање оптимални услови за престој на децата во објектите на градинката;
- учество по службена дејност во работата на Управниот одбор;
- извршување на одлуките на Управниот одбор;
- правилно, рационално и наменско располагање со средствата на детската градинка;
- одговорност за законското работење на градинката на планот на правното и финансиското работење;
- распределување на работници на соодветно работно место;
- перманентна грижа за тековното одржување и санирање на објектите на установата;
- поставување на основните релации на соработка со родителите;
- учество по службена должност во Советот на родители;
- учество во комисијата за листа на јадење за децата и во врска со тоа неосредно ангажирање за подобрување на квалитетот и разновидноста на храната;
- превземање мерки и активности за создавање услови за непречено реализирање на превентивната здрвствена заштита во објектите на градинката;
- превземање мерки за перманентно стручно усовршување на згрижувачко-воспитниот и другиот стручен кадар во детската градинка;
- остварување соработка со локална самоуправа – Општина Кичево, Министерството за труд и социјална политика, како и со други институции и установи;
- извршување и други работи утврдени со Законот за заштита на децата и Статутот на градинката.

## ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ДЕЦАТА

## 2022/2023

Активностите за грижа на здравјето на децата опфаќаат четири најважни сегменти и тоа :

1. Здравствена заштита и превенција
2. Исхрана на децата
3. Едукација
4. Соработка со родителите

**1.Здравствена заштита и превенција опфаќа:**

-Вршење редовни систематски прегледи ,поставување дијагноза и презамање соодветна терапија во домен на детската стоматологија.
-Вршење систематско санирање на заби кај децата.
-Преку систематските прегледи рано откривање на детските аномалии во устата и забите и преземање соодветни мерки за нивно лекување.
-Грижење за санирање на фрактурирани на заби во детската возраст.
-Систематски прегледи преку антролошки мерење на висина и телесна тежина на децата со помошна на медицинската сестра и рано откривање на детските аномали и преземање мерки за нивно лекување.
-Отварање и водење досие за секое дете во кое се внесуваат сите генералии за детето,состојба при раѓање ,минати заразни болеси,потешки заболувања,алерги и сл.Се внесуват податоците за имунизација и се прати состојбата со вакцините со помош на медициската сестра.
- Контрола и евиденција на заразни заболување по работни објекти.
- Соrаботка со аудиолози од Рехабилитационениот центар за слух , говор и глас-Скопје.
-Соработка со педагогот и псикологот од нашата градинка .
-Соработка со педијатри од Кичевската болница.
-Соработка со Заводот за здравствена заштита преку планирање и реализација на систематски прегледи на вработените еднаш годишно за сите вработени освен за вработени во главната кујна и чајните кујни кој задолжително морат да се прегледат два пати во годината.

- Соработка со Заводот за здравсвена заштита -Служба за дезинфекција и дератизација со динамика на реализација на секое 6 месеци а по потреба интерветно прскање.
-Соработка со центарот за јавно здравје
-Редовна контрола на хигиената во работни објекти .
- Контуирана контрола на микроклиматските услови во градинката.

**Исхрана на децата**

- План за набавка на потребни прехрабени артикли.
-Контрола на исправеноста на набавени прехранбени артикли.
-Изготвување на месечна листа на јадење.

-Изготвување на детална месечна листа на јадење .
-Соработка со Агенција за храна .
-Соработка со Дирекцијата за храна.
-Контуинирано следење на работата воглавната кујна и чајните кујни.

**Едукација**

-Едукација на децата за одржување на оралната хигиена преку индивидуални разговори и едукативни предавање.
-Едукација на работниците за одржување на личната орална хигиена и на децата преку индивидуални разговори и едукативни предавања.
-Едукација на родителите на оджување на оралната хигиена на децата преку индивидуални разговори и едукативно предавање.
-Едукација на децата за одржување на лична хигиена преку индивидуални разговори и едукативно предавање.
-Едукација на децата за здрава исхрана преку едукативно предавање.
-Одржување на децата едукативно предавање тема ,,Како се разболувакако се лекувам'.'
-Одржување на децата едукативно предавање тема,,Микроорганизмите што се и како се разболиме од нив"

-Едукација на родителите кога се даваат антибиотиците кога децатата се разболуваат.
-Едукација на вработените за одржување на хигиената на градинката преку индивидуални разговорни и групни состаноци.

**Соработка со родителите:**

- Редовна комуникација со родителите на децата кои престојуваат во установата преку индивидуални разговори, присуство родителски средби, групни средби,едукативни средби ,за здравсвената состојба на децата.

***ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ***

| **Природа на проблемите** | **Цели во учењето** | **Стратегии/ дидактични материјал** |
|---|---|---|
| Деца со попреченост во развој | -Почитување на потребите, интересите и можностите кај децата со попреченост<br>-Истакнување на важноста | Адаптација на дидактичкиот материјал за реализаца на диференцираните задачи; |

| | | |
|---|---|---|
| | на бурниот развој на сознајните фукнкции и останати психички сфери кој се од исклучително значење за сите деца особено за децата со попреченост<br>-Воспоставување поволна клима за интеракција помеѓу дете-дефектолог<br>Оспособување на децата со попреченост од разни категории за изведување на одредени вештини и вежби<br><br>-Оспособување за задржување на вниманието на една активност и истата да ја спроведува детето<br><br>-Оспособување за следење на одредени инструкции дадени од стручното лице(дефектологот)<br>Сензорна интеграција за децата со потешкотии во развој<br>Почитување на различности<br>Препознавање на децата со потешкотии во раното учење и развој | Индивидуална работа со децата кои имаат потешкотии во совладувањето на одредени ситуации,задачи,;<br><br>Инструктивна поддршка на родителите на децата за начинот на работа во домашна средина (во насока на повторување на вежбите кои се изучувале за време на престојот во градинка).<br><br>Соработка со семејството и добра современа комуникација<br>Информирање на родителите за отворено советувалиште за деца и родители |

**МЕТОДИ НА РАБОТА:**

- метод на игра;
- метод на набљудување;
- метод на истражување;
- говорен метод (монолошки, дијалошки и метод на дискусија);
- метод на покажување (серии слики, предмети, играчки, апликации и сл.);
- илустративен метод;
- метод на практична работа.

**МАТЕРИЈАЛ ЗА РАБОТА:**

**-**Едукативни материјали кои ќе помогнат во реализирањето на одредени задачи како што се: (табла ,коцки, фломастери,маркери,штипки, стапчиња во боја, геометриски фигури, меки топчиња во боја ,звучни сликовници сложувалки пластични чаши во боја пластелин ...)

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

-Децата во зависност од попреченоста да умеат да совладаат одредени вежби
-Да научат да се социјализираат
- Да ги научат социјалните вештини
-Да умеат да комуницираат и соработуваат во рамките на нивните можности со останатите деца
-Да умеат индивидуално да ги изработуваат вежбите
- Да умеат да ги разбираат инструкциите за изведување на одредени вежби од страна на стручното лице( дефектологот)
-Поголемо вклучување во групата на врсници во групните активности
-Насочување на внимание
-Развој на самостојност
-Да се научат да ги искажуваат своите потреби и желби

## П Р О Г Р А М А
## ЗА СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА СРЕДИНА
## ЗА УЧЕБНАТА
## 2022/2023

Установата во текот на своето работење, градејќи квалитет ја отвара вратата за секаков вид соработка која ќе придонесе за подобрување на истиот, имено и натаму ќе продолжи да соработува со установите и институции на локално и државно ниво:

-Министерство за труд и социјална политика;

-Локална самоуправа;

-Биро за развој на образование;

- детски градинки од други градови;

- општински основни и средни училишта;

-Дневен Центар за лица со посебни потреби;

- невладини организации;

- јавно-културни установи (библиотека, театар, музеј);

- здравствен Дом;

-Завод за Ментално здравје на деца и младинци-Скопје;

- медиуми и др.

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ЈАВНИ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ
## ЗА УЧЕБНАТА
## 2022/2023 ГОДИНА

Јавната и културна дејност  во предучилишната установа има за цел да придонесе за што поцелосно остварување на програмските задачи, како и за развивање и богатење на општествениот и културниот живот во установата и во пошироката средина.

Во тој поглед, јавната и културна дејност ќе ја реализираме низ следните форми:

1. Прослава на 8-ми септември – Ден на осамостојувањето на Р.М.
2. Одбележување на Детска недела - првата недела од месец октомври;
3. Испраќање на есента – работилница;
4. Одбележување на Нова година и пречек на Дедо Мраз;
5. Одбележување на Ден на жената – интерна приредба, работилница, театарска претстава;

6. Одбележување на 1-ви Април;
7. Ден на пролетта;
8. Правиме Велигденски украси-работилница;
9. Учество на ликовни конкурси, детски фестивали и слични манифестации;
10.Завршна приредба во која учество земаат децата кои ќе одат во училиште;
11. Одбележување на еко-денови:
- 22 септември – меѓународен Ден без автомобили
- 16 Октомври – Светски ден на храна;
- февруари - месец на орално здравје;
- 21 Март – Ден на екологија;
- 7-ми Април – Светски ден на здравјето;
- 22Април – Ден на планетата земја;
- мај – месец на сообраќајот.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКИОТ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Во текот на учебната година се планира стручното усовршување на згрижувачкиот, воспитно-образовниот кадар и стручните работници реализирани преку следните форми и активности:

-Стручно-теоретско самостојно следење на стручна литература и стручни списанија кои ги има обезбедено установата. Говорна игрална во воспитно-образовното подрачје , по развој и култура на говорот, математика за деца од предучилишна возраст, Прирачник за воспитно-образовна работа со предучилишните деца, , Образованието и демекратската култура - предучилишна практика, Прирачник за предучилишни воспитувачи (Детето како потрошувач);

-Низ формите на стручно усовршување каде што спаѓаат слободните и насочените активности, преку кои ќе се врши реализирање на програмата за воспитно-образовната работа;

-Водење на педагошката евиденција и документација, како и реализација на планот и програмата од горе наведените тела (совети) во установата;

-Учество на советувања и семинари кои ги организира Педагошкиот завод, Бирото за развој на образованието на Република Македонија и други стручни институции;

-Други форми и активности на полето на следење и унапредување на воспитно-образовната работа ќе организира во зависност од потребата што ќе се наметне во самата работа и ќе придонесе за понатамошно стручно усовршување.

## СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

Згрижувањето на децата во градинката од 9 месеци до 5 годишна возрат односно до поаѓање во училиште има за цел децата градинката да ја доживееат како средина каде сите деца имаат еднакви можности да се вклучат во животот и работата без оглед на половата, националната и културната припадноста а со тоа се остварува социјалната цел.

Ќе се развиваат способностите за адаптација во нова средина, интерперсоналните односи помеѓу единките и комуникациските вештини. Ќе се развива свест за припадност и однос кон групата како и развивање на социјалната интелигенција. Децата ќе развиваа норми и обичаи во различни средини и ситуации со што детето се воведува во универзални човекови вредности и етички принципи.

Со самиот влез во градинката децата започнуваат да воспоставуваат стабилни емоционални врски со едно или повеќе возрасни лица и врсници од својата околина. Со ова се намалува интензитетот на напнатост, вознемиреност и страв од одвојување од блиските лица со што се потикнува и започнува процесот на социјализација во рамките на

детските потреби. Во групата детето спонтано ќе започне да воспоставува контакт дете-дета, дете-возрасен, кои контакти се изразуваат како вербална и неварбална комуникација.

Децата ќе се оспособуваат на воочување на сличности и разлики кај себе и другите деца, ќе се учат на усвојување и почитување на правила на однесување во групата, ќе се запознаваат со желбите и интересите на другите деца, ќе се запознаваат со елементарните морални норми со кои се регулира односот кон себе и другите како што се: толерантност, соработливост, упорност, самостојност, правичност, чесност, вистинољубивост со што ќе се збогатува социјалното искуство и ќе се гради културен и национален идентитет а со ова детето ќе се оспособи да го пронајде своето место во средината.

## П Р О Е К Т И

Проектот Инклузија на деца Роми во предучилишните установи ќе се реализира и оваа учебна година.

Веднаш по успешното аплицирање ќе се пристапи кон имплементација на проектот и реализирање на планираните проектни активности.

За да успешно се реализира проектот ќе бидат вклучени стручни работници од градинката во соработка со локалната НВО, негователката од проектот и родителите на децта вклучени во прооектот.

**- Цел на проектот**

Да се создадат сите предуслови за поаѓање во училиште. Да се згрижат децата во средина која им овозможува играње, учење, заедничко живеење, дружење- без оглед на националната припадност, вклучува и обука на нивните родители од најразлични информативни и едукативни теми.

Друг проект кој градинката го реализира оваа година е проектот Народна кујна за корисници со постојана социјална помош, Овој проект од Министерството за труд и социјална политика а по одлука на Влада се спроведува преку градинката, со тоа што градинката ја организира и приготвува исхраната за корисниците.

И оваа учебна година по препорака на Министерството за Труд и социјална политика ќе се реализираат уште четири проекти и тоа: **Градини во детските градинки, Градот низ детските очи, Од дете за дете и Бонтон за деца.** Од оваа година по насоки од МТСП ќе се спроведат и следните проекти:Спортски физички активности согласно стручно научната оправданост,Р ециклирање со имагинација,Семејство и семејни вредности и Моја хигиена и моја навика,соработка со пошироката општествена заедница од нашиот град,невладини организации како што се Црвениот Крст, Здружение на пензионери,Извидничкиот сојуз,НВО Вредит да си од Кичево,Лајон клуб, културни – уметнички установи итн.

**- Градини во детските градинки-** Здравата храна е значајна за правилниот раст и развој на детето. Односот кон храната е однос кон животот и затоа децата треба да бидат активно вклучени во одгледување на некои видови на зеленчук и овошје, со цел да го набљудуваат процесот на создавањето, подготвувањето и консумирањето на истите. Сознанијата добиени на тој начин се трајни и применливи бидејќи создаваат основа за суштински правилно поставен однос кон природата и духовните вредности неопходни во животот на секоја личност, која живее во храмонија со самата себе, својата околина и работи не само за своја полза туку и за општеството од кое потекнува. При тоа се обезбедува постојано подобрување, подигнување и развивање на знаењата и свеста за значењето на здравата и правилната исхрана кај децата, вработените и родителите, создавање на навики за консумирање на здрава и квалитетна храна како и поттикнување и развивање на одговорностите на децата кон природата кон обврските и кон самите себе.

**-Градот низ детските очи-_**Проектот "Градот низ детските очи"има за цел развивање на љубов,интерес,чувство на патриотизам,почитување грижа и одговорност кон сопствената татковина народ родното место и местото на живеење, целта на проектот е во согласност со принципот на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принципот на мултикултурализам од Програмата за рано учење и развој.

Воспитно образвоните активности планирани со проектот за деца од 5- 6 годишна возраст ќе се реализира од 1 ви Октомври до крај на месец Мај и овој проект ќе биде составен дел во годишните програми и во наредните години со проектот ќе се организираат посети на децат од јавните установи на културно-историски споменици од минатото и сегашноста на нашата Држава по што ќе се организираат и ликовни работилници со вклученост како на децата така и на родителите.

**-Од дете за дете-** проектот "Од дете за дете" ќе биде хуманитарна акција од децата за децата преку уште која од најмала возраст ќе ги учиме најмалите на хуманост и солидарност. Една од целите на проектот е децата да научат да бидат солидарни да научат да помагаат да разберат колку е важно пријателството и посветувањето внимание на лицата во социјален ризик сочуство со оние на кои им е потребна подршка, да научат да ги почитуваат потребите на децата. Овој проект е во насока на обезбедување на облека,подароци, играчки како и друга детска опрема кој аќе биде наменета за болните дечиња сместени во болниците и установите низ Републиката децата од ранливите категории и децата без родители и родителска грижа.

**-Бонтон за деца**- Бонтонот за деца подразбира низа на постапки, кои се бараат од нив да ги направат. Доколку постапуваат на начин како што се бара од нив тогаш ги сметаат за воспитани, но ако постапуваат спротивно ги сметаат за невоспитани. Но децата не ги познаваат правилата на пристојно однесување поради што често пати не по своја вина се непристојни. Правилата на однесување што детето ќе ги научи во детството, со сигурност ќе ги памети цел живот. Интезивниот начин на живот во кој живееме денес, недостатокот на култура на однесување, рушењето на моралните и етичките вредност резултираше со промени во однесувањето на возрасните. Во трката за егзистенција родителите имаат се помалку време да се посветат на своите деца за правилно да ги едуцираат и воспитуваат. Овие состојби доведуваат кај децата до немање на елементарно пристојно однсување и развивање на чуство на нетрпеливост, конфликност, непочитување на постарите лица,родителите,другарите и пријателите.

**-Проект за спортски,физички,моторички активности**

Во сите програми по физичко воспитание и образование и други спортски активности изборот на програмските содржини има примарно значење за правилен антрополошки развој на младата генерација.Кај децата од двата пола физичките вежби и елементарните игри пред се треба да се во функција на оптималниот развој на локомоторниот систем.Во овие услови неопходна е организирана физичка активност во установата во која играта треба да биде на прво место.

**Проект „Рециклирање со имагинација**

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст ,за бенефитите од селектирањето на отпадоци и негово рециклирање.Иницијативата на овој проект општа култура на новите генерации во знаење дека животната средина е клучна предност која треба да биде заштитена.

-**Проект„Семејството и семејните вредности“**

Семејството е суштинско-коренот на секој човек.Во семејството се раѓаме,ги споделуваме првите радости,ги усвојуваме животните навики и учиме да сакаме и поичитуваме.

Се воспитуваме за моралните норми и вредности.првиот допир со надворешниот свет започнува од семејството.Семејството е светост а родителите морални икони и звезди водилки.Тоа треба да се негува,чува и почитува.

- **„Моја хигиена-моја навика“**

Овој проект е систем за запазување на хигиената и хигиенските навики..Грижата за хигиената е една од основните мерки за зачувување на здравјето .Преку реализација на воспитно-образовниот процес со програмата за рано учење и развој се предвидуваат мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на децата.
Drugi proekti zasega nema a dokolku proizleze potreba vo ramkite na na{ite mo`nosti }e gi prifatime.

## ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА УСТАНОВАТА

Средствата за финансирање за заштита на децата ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, наплата на услуги на корисниците и други извори согласно со закон.

Со овие средства ќе се финансираат:
-правата за заштита на децата;
-дејноста на јавната установа;
-одржување и опремување на објектите;
-програмски активности во одредени облици за унапредување и развој на дејноста;
-услугите.

Со средствата за финансирање на заштита на децата управува и располага Министерството и Установата .

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и од корисниците ќе се обезбедуваат врз основа на Програмата за развој на дејноста за заштита на децата каде е утврден видот, обемот, содржината и квалитетот на услугата, а ќе се трошат строго наменски по претходно изготвен финансиски план.

За спроведување на оваа ќе се грижи директорот и службите од оваа област.

## МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Материјалните трошоци предвидени по финансиски план ќе се трошат наменски.

Врз основа на Законот за јавни набавки ќе се приготви План за јавни набавки и ќе се примени.

За спроведување на јавните набавки ќе се грижи Комисија за јавни набавки во соработка со сите лица кои се стручни и компетентни.

Со оглед на тоа дека овие средства најповеќе ќе се трошат за потребите на децата во установата строго ќе се води сметка за квалитетот.

Планот за јавните набавки во зависност од потребите на установата може да се менува и проширува согласно со закон.

Септември,2022 година
К и ч е в о

ЈОУД-Детска градинка
"Олга Мицеска"
Д и р е к т о р,

____________________
Садик Ахмети